# ,Сите вие Му се обраќате на својот Господар. Затоа не пречете еден на друг

Ебу Сеид, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил во итикаф во џамијата. Ги слушнал луѓето како гласно рецитираат, па го кренал пердето и рекол: ,Сите вие Му се обраќате на својот Господар. Затоа не пречете еден на друг и нека никој не го крева својот глас над гласот на другиот при рецитирањето’ – или рекол: ,во намазот’.“

[صحيح] [رواه أبو داود]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, престојувал во итикаф во една одаја во џамијата, посветувајќи се на доближување до Аллах. Додека бил таму, ги слушнал асхабите како премногу гласно го рецитираат Куранот и си пречат еден на друг. Тогаш го кренал превезот, им укажал на грешката и ги прекорил, велејќи: „Секој од вас Му се обраќа на својот Господар со рецитирањето на Куранот. Затоа не пречете еден на друг и нека никој не го крева својот глас над гласот на другиот во рецитирањето – или во намазот.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65252